# Презентација на тема:

- **Кривична одговорност на правно лице**
- **Услови за кривична одговорност на правното лице и казнување**

**Зуица Наумова**
**судија на Апелационен суд Скопје – во пензија**

# Меѓународни конвенции кои предвидуваат обврска на државите за воспоставување кривична одговорност на правните лица

- Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, замрзнување и конфискација на приносите од криминал (Стразбуршка Конвенција од 1990 година),
- Конвенција за перење пари, замрзнување и конфискација на приносите од криминал и финансирање на тероризмот од 2005 година,
- Конвенцијат за компјутерски криминал од 2001 година,
- Казнено-правна конвенција на Советот на Европа за спречување на корупцијата од 1999 година,
- Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Палермо) и други.

# Поим на правно и одговорно лице

- Согласно член 122 став (6) од Кривичниот законик, под правно лице се подразбираат Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, политички партии, јавни претпријатија, трговски друштва, установи, здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот, фондации, финансиски организации и други со закон одредени организации регистрирани како правни лица и други заедници и организации на кои им е признато својството на правно лице.

- Поимот на одговорно лице во правно лице е определен според член 122 став (7) од Кривичниот законик.

# Услови за кривична одговорност на правно лице

- Во случаите определени со Посебниот дел на КЗ или со друг закон со кој се пропишани кривични дела, правното лице е кривично одговорно ако до извршување на делото дошло со дејствие или со пропуштање на должниот надзор од страна на:
- Органот на управување или на одговорното лице во правното лице, или на друго лице кое било овластено да постапува од името на правното лице во рамките на неговите овластувања или кога тоа ги пречекорило своите овластувања заради остварување корист за правното лице (објективна одговорност).

- Кривичната одговорност на правното лице не ја исклучува одговорноста на сторителот на кривичното дело. За дела определени со Закон, кривично одговорни се сите правни лица со исклучок на државата.

# Кривична одговорност на правно лице

- Според член 28-а од Кривичниот законик, правното лице е одговорно за кривичното дело сторено од одговорно лице во правното лице, во име, за сметка или во корист на правното лице.
- Правното лице е одговорно за кривично дело сторено од негов вработен или застапник на правното лице со кое е остварена значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета, ако:
  - извршувањето на заклучок, наредба, друга одлука или одобрение на орган на управување, орган на раководење или надзорен орган, претставува сторување на кривично дело,
  - до сторување на делото дошло поради пропуштање на должниот надзор на органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган или
  - органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган не го спречил кривичното дело или го прикрил или не го пријавил пред покренувањето на кривична постапка против сторителот.

# Граници на одговорност на правното лице
## Член 28-б

- Одговорноста на правното лице не ја исклучува одговорноста на физичкото лице како сторителот на делото.

- Правното лице под условите од член 28-а е одговорно за кривично дело и кога постојат фактички или правни пречки за утврдување на кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото (автономна одговорност).

- Ако кривичното дело е сторено од небрежност, правното лице е одговорно под условите од член 28-а на овој Законик, ако со Закон е предвидено казнување за кривично дело сторено од небрежност.

# Одговорност во случај на стечај и промена на статусот на правното лице

Правното лице што е во стечај е одговорно за кривичното дело сторено до донесување на решение за отварање на стечајна постапка под условите од членот 28-а, ако со делото е стекната за него значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета (примена на мерката Конфискација)

Ако пред завршување на кривичната постапка против правното лице дојде до присоединување, спојување, поделба или друга статусна промен согласно со Закон поради која тоа го изгубило статусот на правно лице, кривичната постапка ќе продолжи против неговиот правен следбеник или следбеници (кога статусните промени се вршат заради избегнување на кривичната одговорност)

# Видови на казни – Главна казна

- За кривични дела на правни лица како главна казна се изрекува парична казна.
- Паричната казна се изракува во износ кој не може да биде помал од 100.000 денари, ниту поголем од 30.000.000 денари.
- За кривични дела сторени од користољубие, како и за кривични дела со кои се остварува корист или се предизвкува штета од големи размери, може да се изрече парична казна до двојниот износ од максимумот на оваа казна или во сразмер со висината на предизвиканата штета, односно остварената корист, но најмногу до нивниот десеткратен износ.

# Споредни казни

- Под услови определени со овој Законик судот, кога ќе оцени дека правното лице ја злоупотребило својата дејност и дека постои опасност во иднина да го повтори делото, може да изрече една или повеќе од следниве споредни казни:

- Забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен Закон,
- Забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно – приватно партенрство,
- Забрана за основање на нови правни лица,
- Забрана за користење субвенции и други поволни кредити,
- Забрана за користење на средства за финансирање на политички партии од Буџетот на  РМ,
- Одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен Закон,
- Привремна забрана за вршење на одделна дејност,
- Трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- Престанок на правното лице.

# Услови за изрекување на споредни казни

- Судот ако оцени дека изрекувањето на една или повеќе од споредните казни одговара на тежината на стореното дело и дека со тоа правното лице ќе се спречи во иднина да врши такви дела, може да ги изрече казните од член 96-б точки од 1 до 5 на Кривичниот законик, заедно со парична казна.
- Судот го определува траењето на казните, кое не може да биде пократко од 1 ниту подолго од 5 години.
- Условите за изрекување на споредни казни се регулирани во зависност од извршеното кривично дело и пропишаната казна

# Впишување или бришење на казните

- Главната и споредните казни се впишуваат електронски во регистерот на казни за сторени кривични дела на правните лица кои се води во Централниот регистар на Република Македонија.

- Главната казна (Парична казна) се брише по службена должност од наведениот регистар кога ќе поминат 3 години од денот на извршената или застарената казна.

- Споредните казни од член 96-б точки од 1 до 6, се бришат по службена должност од наведениот регистар по истекот на времето за кои се изречени.

- Давањето податоци од Централниот регистар се врши согласно членот 106 на овој Законик.

# Јавно објавување на судска одлука

- По барање на оштетениот судот може да одлучи на товар на осуденото лице да се објави изречената правосилна судска одлука или нејзин дел во “Службен весник на РМ“ и во два од дневните весници, од кои еден на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.
- По барање на правното лице што е ослободено од обвинение или против кое постапката е запрена со правосилна судска одлука, судот ќе одлучи на товар на Судскиот буџет пресудата или дел од неа да се објави во “Службен весник на РМ“ и во два од дневните весници, од кои еден на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

# Одмерување на казната

- При одмерување на казната судот ќе го земе предвид билансот на состојбите и билансот на успехот на правното лице, видот на дејноста, природата и тежината на кривичното дело.

- Ако судот утврди парична казна за две или повеќе дела во стек, единствената казна не може да го достигне збирот на поединечно утврдените казни, ниту да го надминува законскиот максимум на казната пропишана за правното лице (принцип на кумулација)

# Изрекување на поблага парична казна

- Судот може на правното лице да му изрече поблага парична казна од казната пропишана во членот 96-ѓ од КЗ ако:

- Законот предвидува поблаго казнување,
- Законот предвидува можност за ослободување од казна, а судот нема да го ослободи правното лице од казна и
- оцени дека постојат особено олеснувачки околности дека и со поблага казна може да се постигне целта на казнувањето.

- Во членот 96-з конкретно се дадени границите за изрекување на поблага парична казна во зависност од износот на паричната казна што за кривичното дело може да биде изречена на правното лице со тоа што во случај кога судот е овластен да со ослободи од казна правното лице, може да изрече поблага казна без оглед на границите дадени во овој член до најмалата мера на паричната казна.

# Ослободување од парична казна

- Правното лице може да се ослободи од казна ако одговорното лице во правното лице, органот на управување или раководење или надзорниот орган по стореното кривично дело:
- доброволно го пријават сторителот на кривичното дело;
- ја вратат имотната корист;
- ги отстранат штетните последици на делото
- или на друг начин ги надоместат штетните последици на делото.

# Извршување на паричната казна

- Ако осуденото правно лице не ја плати паричната казна во рок определен од судот кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на пресудата, таа присилно ќе се изврши.

- Ако паричната казна не може да се изврши од имотот на правното лице, поради тоа што правното лице нема таков имот или престанало да постои пред извршување на казната, казната ќе се изврши од неговиот правен следбеник, а ако нема правен следбеник од имотот на основачот или основачите на правното лице, сразмерно на вложените удели, а кај трговските друштва од имотот на акционерите, односно содружниците сразмерно на нивните удели.

- Паричната казна на странски правни лица се извршува од имотот конфискуван во Република Македонија или со примена на меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на РМ од имотот во странство.

# Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

- За конфискацијата на имот и имотна корист прибавени со кривично дело на правно лице соодветно се применуваат одредбите од член 97 до член 100 на КЗ.

- Ако од правното лице не може да се конфискува имот или имотна корист поради тоа што престанало да постои пред извршување на конфискацијата, правниот следбеник, односно следбеници, а ако не постојат правни следбеници, основачот или основачите на правното лице односно акционерите или содружниците кај трговското друштво во случаите утврдени со Закон, солидарно ќе се обврзат да платат паричен износ што одговара на прибавената имотна корист.

- За одземањето предмети од правното лице соодеветно се применуваат одредбите од членот 101-а на КЗ.

# Посебни одредби за застареност на кривичното гонење и застареност на извршувањето на казната

- Кривичното гонење на правното лице не може да се превземе кога ќе поминат 3 години од извршување на кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до 3 години, 5 години ако е пропишана казна затвор над 3 години и 10 години од извршувањето на кривичното дело за кое е пропишана казна затвор над 5 години.
- Застарувањето на извршување на паричната казна и казната одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен Закон настапува кога ќе поминат 3 години од денот на правосилноста на пресудата со која се изречени.
- Застарувањето на извршување на казните што се состојат во забрани настапува по истекот на времето за кое се изречени.
- Во однос на прекинот и текот на застарување на кривичното гонење, текот и прекинот на застарување на извршување на паричната казна и споредните казни, се применуваат одредбите од член 107 до член 112 на КЗ.

# Кривична постапка спрема правни лица

- Во постапката за утврдување на кривична одговорност и изрекување на казни и други мерки на правните лица, како сторители на кривични дела се применуваат одредбите од глава 33 од ЗКП.

- Доколку со одредбите од оваа глава поинаку не е определено во постапката спрема правните лица соодветно се применуваат одредбите од овој закон за основните начела: месна надлежност, последици од ненадлежност и судир на надлежност, изземање, обвинет, бранител, поднесоци, рокови и друго.

- Јавниот обвинител може по службна должност да бара покренување кривична постапка за истото кривично дело и против правното лице, кога е поднесена кривична пријава против одговорно лице или претставник на правно лице, ако постојат основи на сомневање дека се исполнети условите за кривична одговорност на правното лице – принцип на легалитет на кривично гонење и официјалност.

- Во оваа постапка јавниот обвинител може да одлучи да не презема гонење или да се откаже од кривично гонење врз основа на член 45 од ЗКП, ако правното лице нема никаков имот или имотот е толку мал што не може да ги покрие ниту трошоците на постапката, или ако против правното лице се води постапка за стечај.

- Примена на одредбите за единствена постапка против правното и одговорното лице или нејзино раздвојување ако за тоа постојат оправдани причини.

# Надлежен суд

- Надлежност на судот каде што се наоѓа седиштето на правното лице односно претставништво на странско правно лице.

- Во единствена постапка на правно лице и одговорно лице надлежноста се определува според општите одредби за месна надлежност. Овие одредби се применуваат и ако странско правно лице нема претставништво во РМ.

# Учесници во кривичната постапка против правно лице

- Јавен обвинител, овластен претставник на правното лице со сите права како и обвинето лице во кривичната постапка

- Определување на претставник со писмено полномошно од редот на одговорните лица или вработените во правното лице (задолжително присуство)

- Рок на определување претставник на правното лице

- Определување на претставник од страна на судот по службена должност (посебно решение со право на жалба)

# Бранител во постапка против правно лице

- Обвинетото правно лице може да има бранител определен од овластениот претставник
- Ако претставникот на правното лице определен по службена должност е адвокат, тој ја врши и функцијата на одбрана на обвинетото правно лице
- Заеднички бранител на правно и одговорно лице во единствена постапка ако тоа не е во спротивност со интересите на нивната одбрана
- Достава на покани и други писмена, како и пресуда

# Обвинување и главна расправа
# Испитување и завршни зборови

- Содржина на обвинението против правното лице: име на обвинетото правно лице, седиште, име и призиме на овластениот претставник, матичниот број, адреса, како и државјанство и број на пасош на странецот определен како претставник на правното лице

- Распит на обвинетото правно лице - претставникот и одговорно лице, редослед на доказите, завршни зборови

- Пресуда без главна расправа (Пресуда за казнен налог) - примена на одредбите од член 497 од ЗКП

- Привремени мерки во постапката против правно лице - мерки на обезбедување

# Пресуда и правни лекови

- Форма и содржина – увод, изрека, образложение со сите суштествени елементи

- Судот со решение ќе ја запре постапката ако во текот на постапката правното лице престанало да постои, а не постојат услови за изрекување на казна или мерка на конфискација на имот и имотна корист или одземање предмети

- Пресудата за привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност, судот по службена должност ја доставува до Централниот регистар на РМ за упис на изречената казна

- Пресудата за изречена казна престанок на правно лице по правосилноста без одлагање се доставува до судот надлежен за постапка на престанок на правно лице

Во постапката против правно лице може да се користат вонредните правни лекови:

- барање за повторување на постапката и
- барање за заштита на законитоста.

## Ви благодарам на вниманието